РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 14-9430/4
13.05 2015 год.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ
Примено: 6.7.2015
Орг. Един. | Број: 10-3005/2 | Прилог | Вредност:

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11) а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15 и 20/15 ). ), министерот за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на студии на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма по Наука за книжевност од трет циклус тригодишни докторски студии, студиската програма по Македонистика – Македонска книжевност од трет циклус тригодишни докторски студии, студиската програма по Наука за јазик од трет циклус тригодишни докторски студии и студиската програма по македонистика – лингвистика од трет циклус тригодишни докторски студии на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

### О б р а з л о ж е н и е

- По добиеното, од страна на Одборот за акредитација, Решение бр.12-96/3 од 14.11.2014 година за акредитација на студиска програма по Наука на книжевност за трет циклус тригодишни докторски студии на Филолошкиот факултет; Решение бр.12-96/2 од 14.11.2014 година за акредитација на студиска програма по Македонистика-Македонска книжевност на Филолошкиот факултет, ЈНУ Институт за македонски јазик и ЈНУ Институт за македонска литература за трет циклус тригодишни докторски студии; Решение бр.12-96/4 од 14.11.2014 година за акредитација на студиска програма по Наука на јазик за трет циклус тригодишни докторски студии на Филолошкиот факултет, и Решение бр.12-96/5 од 14.11.2014 година за акредитација на студиска програма по Македонистика-лингвистика на Филолошкиот факултет, ЈНУ Институт за македонски јазик и ЈНУ Институт за македонска литература за трет циклус тригодишни докторски студии, Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје се обрати со барање бр. 10-527/3 од 28.04.2015 година, до Министерството за образование и наука, под наш бр. 14-9430/1 од 29.04.2015 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од трет циклус докторски студии на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.

Министерот за образование и наука, со Решение бр. 14-9430/2 од 07.05.2015 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 04.05.2015 година, изврши увид и изготви Извештај бр.14-9430/3 од 11.05.2015 година, каде е наведено дека за студиската програма по Наука за книжевност од трет циклус тригодишни докторски студии, студиска програма по Македонистика – Македонска книжевност од трет циклус тригодишни докторски студии, студиска програма по Наука за јазик од трет циклус тригодишни докторски студии и студиска програма по македонистика – лингвистика од трет циклус тригодишни докторски студии на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Abdilaqim Ademi

Доставено до:

- Примач
- Архива

изработил: Билјана Ивковска
контролиран: Марика Парцанова
одобрил: д-р Агим Рушити